**ИНФОРМАЦИИ ЗА ОБРАБОТКА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ НА КОРИСНИЦИТЕ НА УСЛУГИТЕ ОД ОБЛАСТА НА ТРГУВАЊЕТО СО ДОЛГОРОЧНИ ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ**

**Вовед**

Во согласност со начелото за транспарентност поврзано со Законот за заштита на личните податоци, ТТК Банка АД Скопје (во понатамошен текст: Банката) ги објавува овие информации за обработката на личните податоци на физичките лица кои се корисници на услугите од областа на тргувањето со долгорочни хартии од вредност, нивните законски застапници или полномошници (во понатамошниот текст: клиенти).

Овие информации имаат за цел да ги запознаат клиентите со нивните права во врска со обработката на личните податоци, односно за начинот на собирање, обработка и чување на личните податоци.

При обработката на личните податоци, Банката постапува во согласност со начелата за обработка на личните податоци во согласност со Законот за заштита на личните податоци, односно:
- ги обработува личните податоци во согласност со закон, во доволна мера и на транспарентен начин во однос на клиентите,
- ги собира личните податоци за конкретни, јасни и легитимни цели и не ги обработува на начин што не е во согласност со тие цели,
- личните податоци се соодветни, релевантни и ограничени на она што е неопходно во однос на целите заради кои се обработуваат,
- личните податоци се точни и онаму каде што е потребно се ажурирани, при што се преземаат соодветни мерки за навремено бришење или коригирање на податоците што се неточни или нецелосни,
- ги чува личните податоци не подолго од периодот потребен за целите заради кои се обработуваат,
- ги обработува личните податоци на безбеден начин, со примена на соодветни технички и организациски мерки коишто гарантираат заштита од неовластена или незаконска обработка.

**Идентитет на контролорот и податоци за контакт со контролорот**

Назив на контролорот: ТТК Банка АД Скопје
ЕДБ: 4030006597638
Седиште: ул. „Народен фронт“ 19 А, Скопје
е-пошта: ttk@ttk.com.mk
тел.: 02/32 47 000

**Податоци за контакт со офицерот за заштита на лични податоци**

е-пошта: oficerzlp@ttk.com.mk
тел.: 02/32 47 000 лок. 421

**Лични податоци на клиентите коишто се обработуваат од страна на Банката**

Банката ги обработува личните податоци што ги добива од клиентите при склучување и во текот на траењето на деловниот однос. Дополнително, и колку што е потребно за обезбедување на услугите, Банката обработува лични податоци коишто може да бидат обезбедени или да бидат пренесени од трети лица овластени со закон (на пример, Централен депозитар за хартии од вредност АД Скопје, Македонска берза на хартии од вредност АД Скопје и други).
Банката ги обработува следниве лични податоци на клиентите:
- Име и презиме,
- Единствен матичен број на клиентот,
- Број на лична карта или број на пасош,
- Државјанство,
- Адреса и место на живеење,

- Број на сметка во ЦДХВ АД Скопје,
- Податоци за контакт со клиентот,
- Телефон за контакт и/или електронска адреса,
- Платежна сметка, и
- други податоци (коишто се содржани во „апликацијата за регистрирање и ажурирање клиент“ што се пополнува од страна на клиентот).

Банката ги собира горенаведените податоци на два начини:

- директно од клиентите и
- од ЦДХВ (податоци за број на новоотворена сметка во ЦДХВ врз основа на дадено полномошно од клиентот - **ПБР и пополнет соодветен образец – ОС)**.

Пристап до личните податоци на клиентите имаат само одредени овластени лица во Банката заради извршување на нивните работни обврски.

**<u>Правна основа и цели за обработка на личните податоци на клиентите</u>**

Банката ги обработува личните податоци на клиентите во согласност со Законот за заштита на лични податоци, а врз основа на важечките законски и подзаконски прописи за работењето на Банката (Законот за хартии од вредност, Законот за банки, Правилата за тргување со хартии од вредност, Правилата за работа на Централниот депозитар за хартии од вредност, Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам, итн.).

Основна цел на обработката на личните податоци на клиентите е исполнување на договорните обврски и врз основа на закон, законските обврски на Банката за користење на услуги на Одделот за работа со хартии од вредност при ТТК Банка АД Скопје и тоа:

- Купување и продавање хартии од вредност по налог и сметка на клиентот;
- Дејствување како покровител на котација;
- Вршење трансакции и активности за сметка на издавач на хартии од вредност потребни за успешна јавна понуда на хартии од вредност, без задолжителен откуп;
- Вршење трансакции и активности за сметка на издавач на хартии од вредност потребни за успешна јавна понуда на хартии од вредност, со задолжителен откуп; и
- Вршење трансакции и активности за сметка на трети лица потребни за преземање едно акционерско друштво во согласност со Законот за преземање на акционерските друштва.

Во согласност со Одлуката на Комисијата за хартии од вредност од 18.1.2019 година (во врска со член 146 од Законот за СППФТ), како и Интерните процедури на Одделот за работа со хартии од вредност, доколку клиентот одбие целосно да пополни **Апликација за регистрирање/ажурирање клиент**, Одделот за работа со хартии од вредност не смее да започне, односно да го продолжи деловниот однос.

**<u>Доставување на личните податоци на други корисници</u>**

Во согласност со законските прописи, а заради исполнување на законските обврски, ТТК Банка АД Скопје може да ги сподели личните податоци на клиентите со други корисници како што се: Народната банка на Република Северна Македонија, Комисијата за хартии од вредност, Македонската берза на хартии од вредност, Централниот депозитар за хартии од вредност, надлежните судови и сл.

Личните податоци на клиентите не се пренесуваат во друга држава.

**<u>Временски период за чување на личните податоци</u>**

Личните податоци на клиентите се чуваат не подолго од периодот потребен за целите заради кои се обработуваат личните податоци.
Документацијата поврзана со процесите на тргување со хартии од вредност се чува трајно.

**<u>Автоматско донесување одлуки</u>**

Банката не користи системи за одлучување засновани единствено на автоматизирана обработка на личните податоци на клиентите.

**<u>Права на клиентите во врска со заштитата на личните податоци</u>**

Во согласност со Законот за заштита на личните податоци, клиентите ги имаат следниве права поврзани со заштита на личните податоци:
- право на информации за обработка на личните податоци и право на пристап до личните податоци,
- право на исправка на неточни или нецелосни лични податоци,
- право на бришење на личните податоци доколку личните податоци повеќе не се потребни за целите за кои биле собрани,
- право на пренос на личните податоци што клиентите ги имаат дадено на Банката, доколку обработката е заснована врз основа на дадена согласност или врз основа на договорна обврска и се врши на автоматизиран начин,
- право на ограничување на обработката на личните податоци, доколку се исполнети законските услови за тоа,
- право на приговор и/или права поврзани со автоматизирано донесување одлуки, во случаи утврдени со закон.

Доколку клиентите сакаат да остварат некое од погоре наведените права, тоа може да го направат по писмен пат, односно по пошта на горенаведената адреса на Банката, преку електронски пат на адресата за е-пошта на Банката (ttk@ttk.com.mk), или на адресата за е-пошта на Офицерот за заштита на личните податоци (oficerzlp@ttk.com.mk), или во најблиската експозитура на Банката, на посебен образец. Доколку Банката има основано сомневање во врска со идентитетот на физичкото лице што го поднесува барањето, во интерес на правата на клиентот, може да побара доставување дополнителни информации потребни за утврдување на идентитетот на физичкото лице.

Доколку клиентот смета дека е повредено некое негово право во врска со заштитата на неговите лични податоци, има право да поднесе барање до Агенцијата за заштита на личните податоци во согласност со Законот за заштита на личните податоци.